International Theatre Institute ITI
World Organization for the Performing Arts

Порака за Меѓународниот ден на танцот – 29 април 2023

Авторка на светската порака, Јанг Липинг, Кина

Танчерка, кореограф

## БИОГРАФИЈА

Јанг Липинг е дел на етничката група Баи од Дали, Провинција Јунан. Таа е национална прима танчерка - првенка и заменик претседател на Кинеската асоцијација на танчери.

Вљубена во танцот уште во детството, Јанг никогаш не заврши формална едукација во танцот, туку со својот извонреден, природен талент таа израсна во уникатен и оригинален танчер во Кина. Таа стана национално позната благодарејќи на нејзините оригинални танцови дела Духот на паунот во 1986 г., кој е елегантен и сонлив. Потоа следеа препознатливите: Месечевата светлина, Двете дрвја, Љубовта на паунот и многу други.

Таа е режисер, кореограф и водечки танчер на познатите танцови драми како Динамичен Јунан, Тебетантски мистерии, Ехото на Шангри-Ла, Паунот, Зимата на паунот, таа е режисер во танцовите театри Under Siege, Dynamic Huangshan, Dynamic Piangtan, Rite of Spring, Apeng & Jinhua.

Јанг Липинг постојано истражува нови концепти и нарации за уметноста на танцот. Залагајќи се да адаптира танц во ерата на Метаверзумот, почнувајќи од 2000 г. таа ги создава и режира трите дела на филмот Кинески зодијак – серија на уметнички танцови филмови – Пролетен елен, Врескачки тигар и Зајак од жад и Чанг-е.

Таа е познат бренд во Кина; Јанг Липинг и нејзините изведби се наградени со бројни награди: златна награда на 20 век на Кинеските танцови класици; највисоко достигнување на Меѓународниот Центар за уметнички размени во Осака; награда за најдобра танцова поезија; награда за најдобра жена  првенец во танцот; награда за најдобра кореографија, за најдобар костим и награда за извонредна изведба на 4-то доделување на наградите Кинески Лотус. Во 2011 година, Јанг Липинг се појавува во една од Кинеските убавини во Кинеската слика – Лиќе, наградна кампања на Тајмс Сквер, во Њујорк. Како разновиден талент, таа исто така ја пишува, режира и ја изведува Сончевата птица, за која ја добива Големата награда од жирито на Меѓународниот Филмски фестивал во Монтреал.